РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
**СКОПЈЕ**

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY "Ss. CYRIL AND METHODIUS" SKOPJE
**FACULTY OF VETERINARY MEDICINE**
**SKOPJE**

**Бр. 03-** 1326
**27.06.2016 година**

Врз основа на член 2 точка 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 46/2016) и член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 269 од 18.11.2013 година), Деканот на Факултетот го донесе следново

# Р Е Ш Е Н И Е

## за овластено лице за заштитено внатрешно пријавување на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

1. **М-р Ана Орданоска,** секретар на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, се назначува за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.
2. Решението, со потребните податоци и по обезбедување на дополнителните услови за работа ќе се објави на веб страницата на Факултетот.
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Согласно членот 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, м-р Ана Орданоска ги исполнува условите за назначување за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Именуваната има завршено правен факултет, поседува безбедносен сертификат и го има потребното работно искуство да постапува согласно Правилникот .

Врз основа на горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Декан
Проф. д-р Владимир Петков

Доставено до:
1. Именуваната
2. Архива
3. Персонално досие
4. Државна комисија за спречување на корупцијата